ЦЕНТАР ЗА ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ
CENTER FOR LEGAL RESEARCH AND ANALYSIS

Roma Lawyers Association

# ДАЛИ РОМИТЕ ГИ УЖИВААТ ЗАГАРАНТИРАНИТЕ ПРАВА ?

Потреба од воспоставување еднаквост во постапувањето на правосудните и полициските органи

# ДАЛИ РОМИТЕ ГИ УЖИВААТ ЗАГАРАНТИРАНИТЕ ПРАВА ?

Потреба од воспоставување еднаквост во постапувањето на правосудните и полициските органи

# СОДРЖИНА

Извршно резиме 3
Воведни напомени 5
Контекст 6
Опис на проблемот 9
Заклучоци и препораки 16
Библиографија 18
Анекс 1 20

# Извршно резиме

Овој документ ги анализира состојбите со правата на Ромите во претkривичната и судската постапка, лоцирајќи ги клучните проблеми во пристапот до правда на Ромите во македонското општество. Наодите од бројните извештаи поврзани со нееднаквоста и со дискриминацијата на Ромите, ја препознаваат нивната положба како исклучително загрижувачка, укажувајќи на фактот дека Ромите се на маргините на општеството. Иако политичката застапеност на Ромите во Парламентот, во рамките на извршната власт, во рамките на локалните самоуправи, навидум дава слика дека Ромите ги уживаат политичките права, сепак македонското општество е недоволно инклузивно, недоволно толерантно и недоволно еднакво кога станува збор за остварување на основните човекови права на Ромите. Еднаквоста е детерминирана и од домашните, но и од меѓународните општи правни акти (закони, подзаконски акти, договори, конвенции), меѓутоа администраторите на правдата (судовите, обвинителствата, полицијата, центрите за социјална заштита) сè уште дејствуваат со елементи на предрасуди, нееднаков третман, влевајќи доза на несигурност за Ромите.

Клучните препораки од овој документ за јавни политики се однесуваат со иста важност за сите засегнати страни за да се обезбеди пристапот до правда, имено, тие се исклучително важни за оние кои ги донесуваат законите, но и за оние кои ги спроведуваат тие закони. Има суштинска потреба да се подобри положбата на Ромите, при што на тој начин ќе се постигне Ромите да се чувствуваат еднакви и безбедно.

# ДАЛИ РОМИТЕ ГИ УЖИВААТ ЗАГАРАНТИРАНИТЕ ПРАВА?

– документ за јавни политики –

Издавач: **Центар за правни истражувања и анализи – Скопје**

За издавачот: **Лидија Стојкова-Зафировска**, претседател на ЦПИА

Автори: Документот го изготвија **Вера Мартиновска, Елена Георгиевска и Оливер Митов**, врз основа на „Анализата за положбата на Ромите како обвинети во кривична постапка во Р. Македонија“.

Во соработка со: **Здружение на правници Роми – Скопје**

Лектура: **Биљана Стојановска**

Ликовно-уметничко обликување: **Релатив**

Скопје, февруари 2018 година

Проектот „Еднакви пред судот, безбедни во животот“ се спроведува со поддршка на Институтот Отворено општество, во соработка со тинк-тенк фондот и Канцеларијата за ромски иницијативи при Фондацијата Отворено општество.

# ДАЛИ РОМИТЕ ГИ УЖИВААТ ЗАГАРАНТИРАНИТЕ ПРАВА?

Потреба од воспоставување еднаквост во постапувањето на правосудните и полициските органи

– документ за јавни политики –

> Застапував обвинет од ромска етничка заедница во судска постапка, бев фрапиран од дискриминаторскиот и потценувачки однос на судијата кон обвинетиот само поради тоа што е Ром.
>
> – адвокат од Скопје

## Воведни напомени

Овој документ е изработен врз основа на наодите од „Анализата за положбата на Ромите како обвинети во кривична постапка во Република Македонија",[1] изготвена од страна на Центарот за правни истражувања и анализи и Здружението на правници Роми, во рамките на проектот „Еднакви пред судот, безбедни во животот".

Целта на документот е да ја претстави и да ја анализира положбата на Ромите во преткривична и судска постапка, во кои се јавуваат како осомничени, обвинети или осудени. Посебен акцент е ставен на дискриминацијата и нееднаквиот третман во овие постапки, како и непочитувањето на процесните претпоставки од значење за остварување на нивните права. Врз основа на наодите, Документот содржи практични препораки за идни политики за да се подобри положбата на Ромите во македонското општество, како насока за сите клучни чинители да преземат активности за справување со дискриминацијата кон Ромите.

До сознанијата стигнавме преку изработка и споделување на прашалник до адвокати и правници, кои им даваат правна помош на припадници од ромската етничка заедница. Користени беа и податоците изведени од спроведената Анализа, како и извештаи од релевантни меѓународни и национални организации и институции.

1_http://cpia.mk/media/files/%D0%90naliza-za-polozbata-na-romite-kakoobvineti-vo-krivichna-postapka-vo-republika-makedonija.pdf

## Контекст

Општествена и институционална дискриминација, маргинализација, нееднаков третман и нееднаков пристап до правда, како и прекршување на основните човекови права се сè уште актуелни теми во Р. Македонија, особено кога станува збор за припадници на ромската етничка заедница. Ромите во Р. Македонија сè уште се соочуваат со проблеми од типот: немање лични документи/државјанство, имаат ограничен пристап до добра и услуги, образование и вработување, здравство, домување, а често се соочуваат со рано стапување во брак или присилни бракови. Главната причина за отежнатиот пристап до образование, здравствени, социјални права и други законски поволности е тоа што некои ромски семејства не ги почитуваат законските рокови за регистрација на новороденчињата, па остануваат без соодветни лични документи.Децата Роми се најчесто експлоатирани за вршење присилна работа, изразено во форма на присилно просење и трговија со луѓе.[2] Стапката на сиромаштија на оваа заедница е приближно 2,5 пати поголема во споредба со стапката на сиромаштија на национално ниво.[3]

2_Извештај на Стејт Департментот за состојбата на човековите права во Македонија во 2016 година, достапен на https://www.state.gov/documents/organization/265658.pdf

3_Извештај на Европска комисија против расизам и нетолеранција за ПЈ Република Македонија (петти круг на мониторинг) усвоен на 18ти март 2016, објавен на 7ми јуни 2016, достапен на https://www.coe.int/t/dghl/monitoring/ecri/country-by-country/former_yugoslav_republic_macedonia/MKD-CbC-V-2016-021-MAC.pdf

Од 2011 година граничните службеници на Р. Македонија започнаа практика на спречување државјани на Р. Македонија при обид да излезат од државата. Во поединечни случаи, лицата биле усно и директно известувани дека нема да им се дозволи да излезат од државата поради сомнеж дека ќе бараат азил во некоја од државите од Шенген-зоната.[4] Крајната дестинација на патувањето и околноста дали патуваат во држава од Шенген-зоната, воопшто не била од значење за граничните службеници, потврдено со фактот дека некои лица патувале во Република Србија, држава со која Р. Македонија има склучено спогодба за поминување на границата со лична карта. Со ваквото постапување на граничните службеници видлива е непропроционалната засегнатост на граѓаните од ромска етничка припадност. Веројатноста дека ќе бидат спроведени детални гранични проверки е далеку поголема доколку се работи за лице од ромска етничка припадност. Ова се потврдува и со наодите од релевантни институции, од кои се воочува дека најголемиот дел од вратените лица од граничните премини се Роми.[5]

Ромите се соочуваат и со нееднаков третман во граѓанските и кривичните постапки, особено кога се наоѓаат во положба на жртва на кривично дело, осомничен или осуден. Ситуацијата на жртвите на семејно насилство не е подобра. Утврдено е дека

4_„Правно мислење за уставноста и законитоста на спречувањето да се напушти територијата на РМ на лица државјани на РМ поради постоење на сомневање за злоупотреба на безвизниот режим меѓу РМ и државите од Шенген зоната – Правото да се напушти државата“, МЗМП, достапно на: https://goo.gl/shpu56

5_„Правно мислење за уставноста и законитоста на спречувањето да се напушти територијата на РМ на лица државјани на РМ поради постоење на сомневање за злоупотреба на безвизниот режим меѓу РМ и државите од Шенген зоната – Правото да се напушти државата“, МЗМП, достапно на: https://goo.gl/shpu56

семејното насилство не се пријавува, а исто така не постои ни база на податоци која би овозможила следење на влијанието на кампањите, дали веќе еднашказнетите сторители го повториле истото или слично дело, дали се намалува бројот на жртви и слично.[6] Состојбата на малолетните престапници, во поглед на примената на посредување и други алтернативи за кривичните постапки, е недоволно ефективна.[7] Просторниот капацитет на образовно-поправната установа за малолетници е несоодветен, а напредокот за да се овозможи основно образование за малолетници и други услуги за повторна социјализација, е недоволен, скоро и незабележителен. Во ниту една полициска станица нема капацитет погоден за задржување деца. Недостасуваат редовни обуки за професионалци за малолетничка правда.[8]

Правата на затворениците и условите во затворите се под секои минимално утврдени стандарди и под човечкото достоинство, и тоа генерално ја определува драматично лошата слика за македонскиот казнено-поправен систем. Пренатрупаноста, лошите хигиенски услови, немањето доволно медицински персонал, сместувањето малолетници во исти простории со возрасни затвореници, како и тортурата со која се соочуваат затворениците од страна на затворската полиција, се само едни од проблемите кои постојат во овие установи.[9] Поднесените жалби за лошото постапување на полицијата и понатаму го поставува прашањето и потребата за воспоставување независен механизам за надзор на Министерството за внатрешни работи. Оттука и сериозниот проблем со утврденото постоење на полициска неказнивост и супстандардни услови во затворите (особено во Идризово и Скопје), полициските станици, социјалната грижа и психијатриски установи.[10] Во однос на процентуалната изразеност за етничката припадност на подносителите на претставките пред Народниот правобранител, само 4,54 % биле припадници на ромската етничка заедница. Вкупно тројца Роми поднеле претставка за пречекорување на полициските овластувања, шеснаесет Роми поднеле претставки од областа на правосудството, четворица Роми поднеле претставки околу состојбите во казнено и воспитно-поправните установи, и еден Ром поднел претставка за други прашања.[11]

Загрижува и појавата на смртност во затворите, каде што најголем процент од починатите затвореници се од ромската етничка заедница.

6_„Спроведување на одлуките на Европскиот суд за човекови права во периодот од 2013 – 2016 година“, Фондација Отворено општество Македонија, достапно на http://www.fosm.mk/CMS/Files/Documents/ANALIZA-3-MK.pdf
7_Годишниот извештај за напредокот на Република Македонија во 2016 година, Европска Комисија, достапен на https://goo.gl/Qmy9pK
8_Ибид

9_Спроведување на одлуките на Европскиот суд за човекови права во периодот од 2013 – 2016 година, фондација Отворено општество Македонија, достапно на http://www.fosm.mk/CMS/Files/Documents/ANALIZA-3-MK.pdf
10_Годишниот извештај за напредокот на Република Македонија во 2016 година, Европска Комисија, достапен на https://goo.gl/Qmy9pK
11_Годишен извештај за степенот на обезбедување, почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права за 2016 година, Народен правобранител на РМ, достапен на http://ombudsman.mk/upload/Godisni%20izvestai/GI-2016/GI-2016.pdf

Прашањето кое бара дополнителна анализа и обработка, а индиректно е поврзано со нееднаквиот третман на Ромите во преткривичната постапка, е прашањето на примената на начелото на соодветна и правична застапеност на нивото

на вкупно вработени и на вработени на раководни работни места во институциите кои се клучни за прогон на сторители на кривични дела.

Во Јавното обвинителство на Р. Македонија на нераководни позиции е вработен само **еден Ром** во целата институција,




во Советот на јавни обвинители **нема** вработени од ромска етничка припадност,







во МВР има вкупно **78 вработени Роми**, од кои само **двајца** на **раководни** работни места,




во Вишото јавно обвинителство **нема** вработени Роми,

во основните јавни обвинителства има само **двајца вработени Роми** на нераководни позиции,




во основните судови – **24 Роми** без раководни позиции,







и **еден Ром – судија**, во центрите за социјална работа – **вкупно 24 Роми** без раководни позиции,

додека во казнено и воспитно-поправните установи на ниво на Македонија се вработени **четворица Роми** без раководни позиции.[12]

12_Ибид

## Опис на проблемот

За целите на овој документ, изготвен е прашалник кој беше испратен до адвокати и правници кои работат во областа на заштитата на човековите права на Ромите во Р. Македонија. Врз основа на добиените одговори, ги анализиравме најчестите проблеми и предизвиците во преткривичната и судската постапка за Ромите.

### 1. Преткривична постапка

**А. Полициско постапување** – Наодите до кои дојдовме преку пополнетите прашалници од адвокати и правници, упатуваат на тоа дека постои несоодветно полициско постапување со Ромите. При спроведување на распит од страна на полициските инспектори имало случаи на обиди да се наметне признавање на кривично дело, при што ги убедувале дека ќе нема потешка последица по нив. Ова конкретно сведоштво се однесува на постапување на полициски истражители од Источна Македонија, но и адвокатите од Скопје имаат многу слични искуства. Забележани се случаи на подметнување бланко-обрасци од страна на полициските службеници на осомничено лице, при што го убедувале да ги потпише. Забележни се и случаи во кои полициските службеници применувале прекумерна сила со цел осомничените да признаат кривично/и дело/а, кое/и често пати не било/е сторено/и од нив.

**Б. Прекумерна употреба на сила** – Зачестени се случаите кога врз Ромите се употребува прекумерна употреба на сила во преткривичните постапки, но исто така, по повод таквите случаи доминантни се и неефикасните истраги.

Во мај 2014 година родител на 17-годишник пријавил малтретирање на синот и на неговиот 12-годишен внук. Малтретирањето кон децата било извршено од страна на четворица полицајци, припадници на специјалната единица „Алфа“. Тие се сомневале дека едно од момчињата украло чанта на жена, случајна минувачка. Откако ги пресретнале, започнале да ги тепаат без претходно предупредување.

17-годишното момче подоцна било однесено во полициската станица „Бит-пазар“ за испрашување. За време на сослушувањето, наводно, се обиделе да го присилат да го признае делото со употреба на физичка сила, удирајќи му шлаканица. Откако заклучиле дека малолетникот не го извршил делото, бил ослободен.[13]

13_Извор: https://goo.gl/tPVGAN

Во април 2014 година, 15-годишно момче од ромската заедница,[14] физички било нападнато од полицаец во Куманово. Момчето било во придружба на неговата сестра, а полицаецот без никакво образложение почнал да го тепа, а тоа продолжил да го прави додека момчето не ја изгубило свеста. Потоа момчето било спроведено во полициска станица, каде што физичкото и психичкото малтретирање продолжиле. Кога родителот на момчето пристигнал во полициската станица, момчето било пуштено на слобода.

Претходно, во мај 2013 година, двајца униформирани полицајци, со подоцнежна поддршка на 50-60 други полицајци, вклучувајќи ја и специјалната полициска единица „Алфа", се појавиле во ромската населба Топаана во Скопје. Причината за тоа била претходна пријава дека припадник на ромската етничка заедница кој бил пуштен од затвор за дневна посета, повредил друг маж со нож. Полицијата извршила рација со насилно влегување во ромски куќи без да дадат објаснување. Десет Роми и три жени биле физички нападнати. Соопштението од полицијата до јавноста било дека локалните жители се спротивставиле и нападнале полицајци за време на апсењето.[15]

14_Извор: http://www.errc.org/article/police-abuse-romani-youth-in-macednia/1969
15_Ибид

Истата година, пред овој случај, во февруари 2013 година, осумнаесетгодишен Ром пријавил малтретирање од двајца полицајци, припадници на „Алфа". Тој продавал парфеми во центарот на Скопје, кога двајца обични полицајци се приближиле и му побарале лична карта, а потоа побарале од него да ги следи во Полициската станица „Бит-пазар". Во станицата започнале да го испрашуваат под сомневање дека е крадец поради неговата ромска етничка припадност. Подоцна, уште тројца полицајци се приклучиле на сослушувањето. Еден од нив се обидел да го присили да признае дека скршил прозорец на автомобил. Кога одбил да го признае делото, испрашувачот почнал да вика и да го понижува, велејќи: „вие, Цигани, признајте дека сте крадци", при што го удирал по телото. Приведениот не поднел тужба/пријава против полициските службеници поради страв од репресалии.[16]

16_Ибид

Во неколку случаи Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) утврдил дека Р. Македонија го повредила правото од член 3 на Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП) – забрана на мачење. Таков е примерот на Јашар против Р. Македонија,[17] кој е прв случај против Р. Македонија, во кој се утврдува повреда на член 3 од Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП). Тој се жалел на полициска бруталност врз него, што кај него предизвикала психичко и ментално страдање поради тортура, нечовечки и/или деградирачки третман.[18] Понатаму, во случајот Џеладинов и други против Р Македонија[19] жалителите навеле дека биле нападнати и малтретирани од полициски службеници и дека немало ефикасна истрага во врска со нивните наводи.[20] Ист е и случајот Сулејманов против Р. Македонија,[21] каде што тој се жалел на полициска бруталност и неефективна, односно неспроведена истрага. Во случајот Аслани против Р. Македонија,[22] пак, лицето се жали на нечовечко и понижувачко постапување од полицијата за време на неговото сослушување во полициска станица. Од осумте пресуди во кои Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) утврдил повреда на член 3, половина се однесуваат на Роми во слични, ако не и во исти правни околности. Ова значи дека иако пресудите се донесени во периодот од 2007 до 2015 година, проблемот со полициската бруталност врз Ромите е сѐ уште присутен. За тоа зборува и искуството на испитаниците кои изјавија дека имаат сознание за случаи во кои е употребена прекумерна сила од припадници на специјална единица врз Роми малолетници. Прекумерна употреба на сила има и од полициски службеници врз Роми, при што им биле нанесени тешки телесни повреди. Поради тоа, покренати се кривични постапки, во кои полициските службеници се прогласени за виновни, а жртвите се обесштетени. Сепак, фактот што има случаи кога полициските службеници одговараат пред судот за полициска бруталност и има осудителни пресуди за нив, е одреден чекор напред, но не е гаранција дека во сите случаи се спроведува ефективна истрага.

**В. Неефективност на постапка (истрага) за полициска бруталност –** Во погореспоменатите случаи пред Европскиот суд за човекови права, Судот јасно утврдува дека во секој од нив има неефикасна истрага за полициската бруталност. Јавното обвинителство не успеало да спроведе ефективна

17_Case of JASAR v. The Former Yugoslav Republic of Macedonia, Application no. 69908/01, available at https://hudoc.echr.coe.int/eng#{"fulltext":["jasar"],"documentcollectionid2":["GRANDCHAMBER","CHAMBER"],"itemid":["001-79411"]}

18_Извор: http://cpia.mk/analiza-za-polozbata-na-romite-kako-obvineti-vo-krivichna-postapka-vo-republika-makedonija, стр.26

19_Case of Dzeladinov and others v. The Former Yugoslav Republic of Macedonia, Application no. 13252/02, available at https://hudoc.echr.coe.int/eng#{"fulltext":["\"CASE OF DZELADINOV AND OTHERS v. \""],"documentcollectionid2":["GRANDCHAMBER","CHAMBER"],"itemid":["001-85828"]}

20_Извор: http://cpia.mk/analiza-za-polozbata-na-romite-kako-obvineti-vo-krivichna-postapka-vo-republika-makedonija, стр.28

21_Case of Sulejmanov v. The Former Yugoslav Republic of Macedonia, Application no. 69875/01, available at https://hudoc.echr.coe.int/eng#{"fulltext":["sulejmanov"],"documentcollectionid2":["GRANDCHAMBER","CHAMBER"],"itemid":["001-86022"]}

22_Case of Asllani v. The Former Yugoslav Republic of Macedonia, Application no. 24058/13, available at https://hudoc.echr.coe.int/eng#{"fulltext":["aslani"],"documentcollectionid2":["GRANDCHAMBER","CHAMBER"],"itemid":["001-159060"]}

или каква било истрага со цел да го открие идентитетот на полицајците и да ги казни одговорните за таквото постапување. Во случајот Јашар против Р Македонија, Судот констатирал дека јавниот обвинител не презел никакви истражни мерки по приемот на кривичната пријава, доставена од адвокатот на жалителот. Судот утврдува дека домашните органи не презеле никакви чекори да идентификуваат кој бил присутен за време на приведувањето на жалителот или кога ги здобил повредите, дали постојат индиции дека постојат сведоци, засегнати полициски службеници, или доктор, кој го прегледал жалителот, кои понатака би биле испитувани во врска со повредите на жалителот. Јавниот обвинител не обезбедил доказ кој ќе ги потврди или негира наводите на жалителот во врска со наводното нечовечко постапување. Неактивноста на јавниот обвинител спречила поведување на постапка од страна на жалителот како супсидијарен тужител и му го попречила пристапот до следната постапка пред надлежниот суд. Жалителот сè уште е спречен да отпочне истрага, поради тоа што јавниот обвинител сè уште нема донесено решение за одбивање на кривичната пријава. Во случајот Џеладинов против Р. Македонија е потенцирано дека државата има генерална обврска да спроведе ефикасна и експедитивна истрага кога едно лице дава веродостојна изјава дека претрпел постапување спротивно на член 3 од Конвенцијата. Надлежните органи, и во овој случај не успеале да спроведат ефикасна истрага. Во случајот Сулејманов против Р. Македонија, најочигледна е одговорноста лоцирана кај јавниот обвинител кој не презел никакви истражни мерки по кривичната пријава, освен барањето до МВР за дополнителни информации, но тоа не го менува фактот дека Судот смета дека истрагата не ги задоволила барањата од член 3 од Конвенцијата. Во случајот Аслани против Р. Македонија, Судот потсетува дека во предметите каде што има сомненија за полициска бруталност и слични околности, може да се смета дека товарот на докажување паѓа врз властите. Конкретно, Владата не дала задоволително и убедливо објаснување за повредите на жалителот, па затоа Судот ја утврдил споменатата повреда на член 3 од Конвенцијата.

> Актуелната адвокатска пракса во поглед на неспроведувањето истрага за полициска бруталност сторена врз Роми, потврдува дека постојат случаи на бруталност од страна на полициски службеници од Куманово и Скопје, каде што навистина не се поведени ефективни истраги, отфрлени се кривичните пријави, па дури и се подигнати обвиненија против Роми од истите настани, по кои се прогласуваат за виновни заради заштита на полициските службеници. Исто така, има предмети кои се детектирани од страна на ромски невладини организации за бруталност спрема Ромите од страна на полицијата. За дел од нив се покренати постапки од тие организации.

**Г. Квалификација на дела –** Помеѓу адвокатите се шират сознанија дека за определени кривични дела, во кои како сторител се јавува Ром, има несоодветна квалификација, како на пример, кражба е квалификувана како разбојништво. Изостануваат случаи во кои делата во судска постапка се преквалификувани во потежок облик, поради тоа што

истите дела како несоодветно квалификувани во претсудска постапка се веќе во тежок облик. Но, исто така загрижувачки е тоа што делата во судска постапка не се преквалификуваат во полесен облик иако има индикации дека фактичката состојба е поинаква.

Делата сторени од страна на Роми, од Јавното обвинителство најчесто се квалификувани како „спречување службено лице во вршење службено дејствие, напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста, учество во толпа што ќе спречи службено лице во вршење на службено дејствие, насилство“ и честопати овие квалификации биле несоодветни.

Д. **Непријавување кога се јавуваат како оштетени/ неспроведување истрага** – Ромите поради слабата економско-финансиска состојба се откажуваат од водење судска постапка – поради неможноста да ангажираат адвокат и неможноста да ги обезбедат сите докази (вештачења). Чести се случаите кога Ромите како жртви на кривично дело, не се решаваат да отпочнат постапка поради трошоците на постапката. Сепак, одредени адвокати и невладини организации им излегуваат во пресрет. Што се однесува до реакцијата на органите на прогонот, таа зависи од упорноста на странките.

## 2. Судска постапка – процесни претпоставки

**А. Право на бранител, назначување бранител, квалитет на одбраната** – Во согласност со Законот за бесплатна правна помош, во кривичната постапка право на бесплатна помош имаат лица, жртви на кривично дело поврзано со семејно насилство или трговија со луѓе. Од друга страна, Законот за кривичната постапка[23] ги утврдува претпоставките кога е задолжителна одбрана со бранител, кога се назначува бранител по службена должност и како се постапува во случаи кога обвинетиот е со слаба имотна и финансиска состојба, а бара да му се назначи бранител.

Според испитаниците адвокати, системот за назначување бранител по службена должност не е функционален и не се обезбедува квалитетна заштита, затоа што бранителот не е доволно финансиски мотивиран за обезбедување квалитетна одбрана.

Понатамошно наметнато прашање за анализа е дали Ромите се запознаваат со нивните права, или дали се запознаени дека може да го сменат бранителот во текот на постапката. Повеќемина од испитаниците даваат негативен одговор на овие прашања. Наспроти тоа, Ромите се изненадени кога ќе добијат информација дека имаат право да го сменат бранителот и да се пожалат на несоодветниот однос кон нив. Таков е примерот кога адвокатот го известува само

23_Член 74 и член 75 од Закон за кривична постапка

за тоа кога е закажано рочиште во судот, без претходно да се сретнат во канцеларијата на адвокатот или барем пред судот, за подготовка на одбраната и без да му укаже на сите права кои ги има или да му укаже на можните последици од постапката. Исто така, голем број од нив не знаат дека постои адвокатска комора каде што можат да се пожалат за непрофесиналниот однос на адвокатот. Фактот што Ромите не се доволно запознаени со нивните права е главната причина поради која тие се жртви на несоодветно однесување, пред сè од органите на прогонот.

Еден од адвокатите споделува дека ретки се случаите да биде повикуван (од полиција или суд) како бранител при задолжителна одбрана во предмети каде Роми се сомничат како сторители на тешки кривични дела. Но кога е повикуван како бранител за задолжителна одбрана, тоа е правено по исклучиво инсистирање на приведениот или некој негов роднина. Во споредба со ситуацијата од пред 5-6 години, денес во предсудска постапка за потешки дела им се назначува бранител и во негово присуство се запознаваат со правата кои ги имаат.

**В. Јазична бариера** – Во поглед на јазичната бариера во постапувањето, искуствата на испитаниците зборуваат за сознание за лице од ромска етничка припадност кое поради недоволно познавање на македонскиот јазик (а не му е обезбеден преведувач) признал кривично дело кое не го сторил.

Понатаму, забележано е дека во случај пред Основниот суд Скопје 1, по упорно инсистирање, предметниот судија прифатил толкувач по ромски јазик бидејќи странките навистина многу малку го познавале македонскиот јазик. Искуството на адвокатот од штипското подрачје пак, е поинакво, односно, немало проблем од страна на судовите во случаи кога ќе се јави Ром кој не го разбира јазикот на постапката, т. е. македонскиот јазик, но на тоа подрачје многу биле ретки случаите кога лицата од ромската заедница не го познавале македонскиот јазик.

Заклучокот е дека Ромите имаат тешкотии, но сепак може да се разберат со судот. Во секој случај е значајно залагањето на судијата да му пристапи на ниво, прифатливо за нив, но, за жал, во еден од случаите, на судијата како да му било сеедно дали обвинетиот разбрал што го прашуваат.

**Г. Малолетници рецидивисти** – Главни причини за високиот степен на малолетници од ромската заедница кои се сторители на кривични дела се: дисфункционалните семејства, слабата имотна состојба, ниското ниво на образование, повеќебројните семејства. Генералниот заклучок од испитаниците е дека изречената казна не ја постигнува својата цел, од причина што во пракса тие малолетници повторно извршуваат кривични дела.

## 3. Смртност на припадници од ромската етничка заедница во затворите.

Во македонските казнено-поправни установи сè почесто има случаи на смрт на осудените лица, а загрижува фактот што поголемиот број од починатите затвореници се Роми. Случајот на 19-годишен затвореник од ромската заедница, корисник на метадонска терапија, кој починал во гевгелискиот затвор, е евидентен пример за положбата на Ромите во затворите. Европскиот суд за човекови права ја потенцира полициската бруталност и прекумерната употреба на сила во затворите.  Во конкретниот случај затвореникот 48 часа по започнувањето на издржувањето на казната, бил однесен во болница во состојба на кома, со видни модринки на главата. Во извештајот од аутопсијата, како причина за смртта е наведено нивото на метадон во крвта, кое било за седум пати поголемо од пропишаната дневна доза. Постапката е завршена со постигнување на пријателска спогодба. Владата на Македонија се согласила да му плати компензација на семејството од 9.000 евра.[24] Во 2017 година почнаа да се појавуваат модели на слични смртни случаи. Во март 2017, дваесет и едногодишен Ром починал во скопскиот затвор.[25] На неговото семејство му било кажано дека починал од комбинација на метадон и дијазепам, но никогаш не им биле прикажани извештаите од аутопсијата, а има докази дека тој бил подложен на сериозно полициско насилство во часовите пред неговата смрт. Истиот месец, 25-годишен припадник на ромската етничка заедница, татко на две деца, починал во штипскиот затвор.[26] Според медиумите, постојат извештаи дека тој бил малтретиран од затворските чувари и лекарите и дека не добивал доволно храна. Тој земал лекови што му ги давал затворскиот лекар во времето кога умрел. Во јуни 2017 година, 45-годишна жена Ромка од Струмица,[27] била пронајдена мртва во скопскиот затвор „Идризово“. Семејството на починатата Ромка тврди дека нејзината смрт била резултат на тортура и тепање од страна на затворските чувари и последователно – несоодветен третман од страна на затворските лекари. Затворските власти ги негирале тврдењата на семејството, тврдејќи дека жената имала сериозни здравствени проблеми.

24_Извор: https://derparia.wordpress.com/2017/06/17/victory-for-roma-macedonia-agrees-to-pay-compensation-for-roma-prison-death, https://hudoc.echr.coe.int/eng#{“itemid”:[“001-174787”]}
25_Извор: http://www.errc.org/article/victory-for-roma-macedonia-agrees-to-pay-compensation-for-roma-prison-death/4584
26_Ибид
27_Ибид

## Заклучоци и препораки

> •Во Р. Македонија е многу мал бројот на лица од ромската етничка заедница кои работат во судовите и во Јавното обвинителство.

Посебната култура и навики на Ромите сами по себе отвораат прашање и потреба за поголема вклученост на претставници во овие институции по принципот на правична застапеност на малцинските заедници, кое крајно би делувало кон зголемување на довербата во институциите.

Треба да се работи и на стимулирање и стипендирање на успешни ученици од ромската заедница кои во иднина би биле судии, јавни обвинители и правници на раководни позиции.

> •Дискриминацијата и стереотипизирањето на Роми во полициското постапување и злоупотребата на неукоста на странките, како и употребата на сила за признавање вина сè уште постојат во Р. Македонија. Дискриминацијата е позастапена во преткривичните отколку во судските постапки.

Потребна е сензибилизација на полицијата за постапувањето со Ромите, во поглед на нивната општествена положба и правото на еднаквост. Неопходно е да се зајакне системот на внатрешна контрола на пречекорувањето на полициските овластувања, особено употребата на сила врз Роми, како од страна на полицијата така и од страна на специјалните единици. Преку обука која ќе ги зголеми знаењата, вештините и психичката подготвеност на полицискиот кадар, како и преку обука која полициските службеници би требало да ја поминат како гаранција за контролирана и законска употреба на сила, ќе се надминат слабостите.

Во таа насока, потребна е и анализа за тоа колку од кривичните пријави поднесени до Јавното обвинителство добиваат судска разрешница.

> •Половината од вкупниот број пресуди од Европскиот суд за човекови права против Р Македонија кои се однесуваат на член 3 од Конвенцијата, се поднесени од Роми, во еден од случаите се работи и за повеќе лица. Сумарниот заклучок од анализата на овие пресуди е дека во секоја од нив е констатирано дека не е спроведена ефективна истрага од надлежните органи во однос на полициската бруталност.

Јавното обвинителство мора сериозно да ги земе предвид овие заклучоци од судот, особено од аспект на значењето на забраната на мачењето, која се протега дури и во најсложените околности, како што е борбата против тероризмот и организираниот криминал. Услов за заштита на ова право кое штити една од основните вредности во демократското општество е токму спроведувањето истрага.

•На Ромите им е отежнат пристапот до постапка од два аспекти: кога тие се јавуваат како жртви на кривични дела за кои не е предвидена бесплатна правна помош и кога се јавуваат како сторители на кривични дела за кои може да се назначи бранител по службена должност. Голем процент од сторителите – 58 % биле без адвокат во постапката, а адвокат по службена должност им бил назначен на 30 % од сторителите. Бранителите во овие случаи се демотивирани поради тоа што не можат да си ги покријат трошоците за дадената одбрана.

Државата треба да гарантира пристап до постапка и еднаквост во одбраната на своите граѓани. Треба да се изнајде механизам за давање правна помош на социјално загрозени во кривична постапка.

•Условите во затворите се под секои минимално утврдени стандарди. Пренатрупаноста, лошите хигиенски услови, немањето доволно медицински персонал, сместувањето малолетници во исти простории со возрасни затвореници, како и тортурата со која се соочуваат затворениците од страна на затворската полиција, се само едни од проблемите кои постојат во овие установи.

Потребно е да се воспостават професионални и да се зајакнат постоечките програми за обука и евалуација, со задолжително вклучување на прашањето за човековите права, кои ќе бидат насочени кон вработените во институциите со најголеми недостатоци. За да може да применуват сила на начин што е пропорционален и неопходен, вработените при приемот и редовно, во текот на службата, треба да се обучуваат за одредени техники. Меѓународни и национални организации поседуваат капацитети за развивање на програми и обука на едукатори, што побарува вопоставување проактивен партнерски однос на властите кон приватниот и граѓанскиот сектор. Од друга страна, потребно е и зголемување на информираноста на осудениците/затворениците за можностите и начините за поднесување барања/жалби/претставки. Тоа може да се постигне со донесување писмени упатства за постапување со ранливи осудени лица, вклучително и јасни пишани политики за сместување на поединци што се со поголем ризик да станат жртви на насилство помеѓу осудените лица. За намалување на случаи на несоодветно постапување, од големо значење е воспоставување и одржување на определени соодветни протоколи. Од неопходно значење е и потребата за спроведување на анализа во национални рамки, за сите случаи на несоодветно постапување и прекумерна употреба на сила во последните три години што им се познати на властите, со цел да се утврди дали досудената казна во сите случаи одговара на тежината на повредата/кривичното дело.

•Доведено е во прашање начелото на слободната оценка на доказите, бидејќи Обвинителството и полицијата немаат потреба да применуваат специфични процедури за прибирање докази со цел да обезбедат успешност во постапката, бидејќи нивните докази (па дури и едноставни

тврдења) се прифаќаат како валидни, наспроти доказите на странките кои априорно се одбиваат.

Потребна е измена и дополнување на Законот за полиција, со цел да се воспостави еднаквост во постапувањето на судот во исти или слични случаи, од аспект на оценка на соодветноста на спроведените истражни и предистражни мерки, грижа за постоење на тортура и други ограничувања на човековите права.

# БИБЛИОГРАФИЈА:


**- законска регулатива**

Закон за кривична постапка

Закон за полиција

Закон за одредување на видот и одмерување на висината на казната

Закон за бесплатна правна помош

**- извештаи од меѓународни и национални организации и институции**

Годишен извештај за ефикасноста на правната заштита на човековите права во Македонија за 2015 година, Македонско здружение на млади правници

Извештај за правната заштита од дискриминација во Република Македонија, Македонско здружение на млади правници, 2009 година

Студија на случај: Х. Х. против Министерството за внатрешни работи на РМ; Судската заштита на човековите права во Република Македонија во пракса; Како апелационен суд потврди првостепена пресуда во која како решителен факт е наведено дека РМ е земја потписничка на Шенгенскиот договор?, Македонско здружение на млади правници

Правно мислење за уставноста и законитоста на спречувањето да се напушти територијата на РМ на лица државјани на РМ поради постоење на сомневање за злоупотреба на безвизниот режим меѓу РМ и државите од Шенген-зоната – Правото да се напушти државата, Македонско здружение на млади правници

Анализа за стратешко водење на предмети во судска постапка од областа на дискриминацијата, подготовка: Центар за правни истражувања и анализи, издавач: Македонско здружение на млади правници

Анализа на случаи од стратешко застапување при Проект: Заштита на човековите права на маргинализирани групи во Република Македонија, 2016 година, Македонско здружение на млади правници

No Progress, Data Collection in Countries Participating to the Decade of Roma Inclusion 2005-2015, August 2010, Open Society Institute

Статистички годишник на Република Македонија, Државен завод за статистика, 2013 година

Извештај на Стејт департментот за состојбата на човековите права во Македонија во 2016 година

Извештај на Европската комисија против расизам и нетолеранција за „ПЈ Република Македонија“ (петти круг на мониторинг) усвоен на 18 март 2016, објавен на 7 јуни 2016

Спроведување на одлуките на Европскиот суд за човекови права во периодот од 2013 до 2016 година, Фондација Отворено општество Македонија

Годишен извештај за напредокот на Република Македонија во 2016 година, Европска комисија

Национална стратегија за развој на пенитенцијарниот систем (2015 – 2019 година), декември 2014 година

Годишен извештај за степенот на обезбедување, почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права за 2016 година, Народен правобранител на РМ

**- пресуди од Европскиот суд за човекови права**

Case of JASAR v. The Former Yugoslav Republic of Macedonia, Application no. 69908/01

Case of Dzeladinov and others v. The Former Yugoslav Republic of Macedonia, Application no. 13252/02

Case of Sulejmanov v. The Former Yugoslav Republic of Macedonia, Application no. 69875/01

Case of Asllani v. The Former Yugoslav Republic of Macedonia, Application no. 24058/13

**- друго**

https://goo.gl/tPVGAN

http://www.errc.org/article/police-abuse-romani-youth-in-macedonia/1969

https://derparia.wordpress.com/2017/06/17/victory-for-roma-macedonia-agrees-to-pay-compensation-for-roma-prison-death

https://hudoc.echr.coe.int/eng#{"itemid":["001-174787"]}

http://www.errc.org/article/victory-for-roma-macedonia-agrees-to-pay-compensation-for-roma-prison-death/4584

https://www.hrw.org/legacy/wr2k1/europe/macedonia.html

https://www.civilrightsdefenders.org/country-reports/human-rights-in-macedonia/

## Додатоци

## Анекс 1

ПРАШАЛНИК

ЗА АДВОКАТИ И ПРАВНИЦИ ОД НЕВЛАДИНИОТ СЕКТОР

**„ДИСКРИМИНАЦИЈА НА РОМИ ВО** ПРЕТСУДСКА И СУДСКА КРИВИЧНА ПОСТАПКА" **–** работен наслов

ДЕЛ 1:

Име и презиме: ______________________________

•Коментарите во врска со секое прашање ве молиме да ги ограничите на најмногу 300 карактери по коментар.

•Дополнителниот коментар се пополнува по потреба и се однесува на целата област.

ДЕЛ 2:

| Дискриминација на Роми во претсудска постапка |
|---|

1. Дали во вашата пракса сте забележале дискриминација (стереотипизирање, омаловажување, наметнување/признавање кривично дело, подметнување документи на потпис...) во полициското постапување со Ромите и на кој начин?

| |
|---|
| |

2. Сте имале ли случај на употреба на прекумерна сила од полициски службеник/специјална единица врз Роми и во која мера? Како е постапено понатаму?

3. Некои Роми се жалат дека не била покрената ефективна истрага за бруталноста на полицијата која ја пријавиле? Истото го потврдува и судската пракса на ЕСЧП. Што кажува вашата пракса за ова прашање?

4.Како најчесто се квалификуваат кривичните дела (извршени од страна на Роми) од страна на ЈО и дали сте забележале случаи во кои квалификацијата на делото е несоодветна? Дали во веќе покренати судски постапки е направена преквалификација на делото?

ДОПОЛНИТЕЛЕН КОМЕНТАР:

ДЕЛ 3:

## Дискриминација на Роми во судска постапка

1. Каков е односот/третманот на судот (судии, поротници, дактилографи, судска полиција, судска администрација) во кривичните постапки кои веќе се поведени против Роми? Дали во вашата пракса е забележано дискриминаторско постапување во овие постапки? Ако да, кој најчесто постапувал дискриминаторски?

2. Од вашето искуство колку често сте назначени за бранител по службена должност за дела во кои се осомничени Роми наспроти ваше ангажирање од Роми по нивно барање? Дали имате сознанија дали Ромите се соодветно бранети во претсудска постапка и дали се доволно запознаени за нивните права во оваа фаза?

3. Дали постојниот систем за назначување бранител по службена должност во постапка во која Ром е обвинет, е функционален и обезбедува квалитетна одбрана? Дали сметате дека Ромите се доволно запознаени дека можат да го сменат бранителот доколку не се задоволни и каде можат да се пожалат за ова прашање?

4. Дали имате сознанија за обвинети Роми во судска постапка, кои недоволно го разбираат јазикот на кој се води постапката? Како судовите постапуваат во вакви случаи?

ДОПОЛНИТЕЛЕН КОМЕНТАР:

ДЕЛ 4:

## Оштетени Роми од кривични дела

1. Чести ли се случаите кога Роми ви се обраќаат како оштетени од к.д., но немаат средства да поведат постапка (да платат адвокат) и поради тоа се откажуваат од понатамошна постапка? Од друга страна, имате ли сознанија како реагираат органите на прогон во вакви ситуации?

ДОПОЛНИТЕЛЕН КОМЕНТАР:

ДЕЛ 5:

## Малолетници рецидивисти од ромска припадност

1. Кој е главниот проблем со малолетниците рецидивисти од ромска припадност? Дали мислите дека институциите соодветно постапуваат со нив за одвраќање и дали најчесто изречената казна ја постигнува својата цел?

ДОПОЛНИТЕЛЕН КОМЕНТАР:

www.cpia.mk